БРОЈ 44 МАЈ
ЦЕНА 1 ДИН.

# ФОКУС



весник на младите
ФОКУС
од
скопје




# „ФОКУС“

весник на младите

издавач: Конференција на СМ на Скопје
весникот го уредува редакциски колегиум
главен и одговорен уредник: Сашо Чомовски

организатор: Златко Пановски

ликовно обликување и илустратор: Благоја Стојанов

лектор и коректор: Надица Петковска

редакција и администрација — Градска баракa број 2

телефони: 32-170 и 32-010

печатница на „Нова Македонија“ — Скопје


## ФОКУС НЕМА ВАКВИ АВТОМОБИЛИ









# ШАХ ИГРА



Сосема очигледна е претпоставката дека нашиот живот а можеби „смртта“ зависи од тоа дали ќе изгубиме или добиеме една партија шах.

Зарем не мислите дека во тој случај наша прва должност е да ги научиме барем имињата на сите фигури; да се потрудиме да го избегнеме барем првиот шах?
Зарем не мислите дека ќе гледаме со презир кон таткото и државата кои дозволиле нивните синови и граѓани да израснат без да го разликуваат пешакот од коњот?
Зарем не сфаќате дека позицијата е прилично комплицирана? А сепак во основа е вистината дека животот, судбината или среќата на секој од нас зависи од познавање на некои правила од една бескрајно тешка и многу посложена игра од шахот. Неа ја одиграле безброј пати.
Неа ја играме сите.
Во таква игра како „соиграчи“ се појавуваат една префригана жена и еден глас. Фигурите се природна појава, а правилото на играта е она што ние го нарекуваме закон на политиката. Играчот од другата страна е невидлив. знаеме само дека нејзината позиција е потешка. И така се игра трпеливо и препредено, мирно и подмолно, и сепак, на крајот бескрупулозно.

Знаеме исто така, за жал, дека тој мудро го следи секој наш погрешен потез, дека ништо не простува како невнимателност на авантурист и авангардист.

Впрочем се игра допрено-мрднато.

Оној кој губи и не знае да се вклопи, шахиран е без сожаление и брзање во тешката позициона игра.

Нашата метафора ќе потсети некого од вас на слика која го претставува ѓаволот како игра шах со човек на кој душата ќе му биде одземена. Заменете го тој подмолен ѓавол со снажен ангел кој игра од љубов и радосно би изгубил само за да се вклучи во сликата на среќниот човеков живот.





## »СК НЕСПОСОБЕН«...

Во една информација стои дека при спроведувањето на пописот голем број членови на СК се откажаа од понатамошно членување во Сојузот, и, се разбира ги има од сите категории и структури. Мотивте и причините поради кои се откажуваат од членувањето во СК се многубројни и различни. Но секако најкарактеристични се:

— Извесен број членови на СК во последниве 2-3 години не покажуваа никаква активност и интерес за работа во организациите. Тие при пописот не сакаа да бидат попишани и не даваа податоци за себе, изјавувајќи, дека со самото тоа што не биле активни, не плаќале членарина и не оделе на состаноци, им престанало членувањето во СК.

— Најголем број членови на СК кои се откажаа, како основен мотив ја истакнуваат големата членарина, изјавувајќи притоа дека „не треба ние да ја финансираме партијата", „членарината е висока" и слично. Некои пак истакнуваат дека многу им се собрала членарина, истата не можат да ја платат и затоа не сакаат да членуваат во СК.

— Се споменува констатацијата дека СК во последно време ја губи довербата на авангардна сила на работничката класа, поради неспособноста да ги разрешува проблемите.

— Понатаму се наведуваат нерешени системски прашања и проблеми во општеството, кои предизвикуваат збунетост, несигурност и неодлучност кај членовите на СК.

— Исто така се наведува мотивот „не се спроведуваат одлуките што ги донесуваат базичните организации на СК".

— Некои пак сметаат дека, СК ја изгубил својата моќ и влијание отворено изјавувајќи: „Не сакам да бидам член на СК, што корист имам од тоа", „Што ни треба да се состануваме и да зборуваме, попусто времето си го губиме и како награда добиваме прекор од другите другари, со прст не покажуваат и велат — еве ги комунистите", „Членот на СК не е тоа што беше порано", „Немаме време за губење по состаноци", „Партијата веќе никој не ја слуша", „Општинскиот комитет на СК помалку може да ти помогне отколку еден работнички совет, деловен одбор, комисија и сл.".

— Како причини за откажување од членство во СК понатаму се наведуваат нерешени проблеми во општеството, разлики во личните доходи, нерешени прашања од работните односи, станбени проблеми, имотно-правни односи, незапослен член од семејството, слаба одговорност во СК, нерешени проблеми на селото, нерегулирани цени на земјоделските производи, постојано покачување на цените, нерешени прашања на просветните работници и слично.

— Еден дел членови на СК како изговор и повод за своето откажување од СК ја наведуваат „лошата политичка состојба во комуната и изгубената доверба во СК поради неговата неефикасност и неспособност да ги реши проблемите во општината".

— Меѓутоа, не е мал бројот на оние членови на СК кои се откажуваат поради лични причини: старост, изнемоштеност, („стар сум, не сум веќе за партија"), тешки материјални и семејни проблеми и друго.

Карактеристично е тоа што голем број членови кои се откажале од СК за време на пописот, се млади луѓе со стаж во СК од 2 до 3 години. Многу од овие се примени во СК во 1968 година, што се смета дека ова е одраз на кампањско примање во Сојузот на комунистите.

## ДИСПРОПОРЦИЈА ВО НАГРАДИТЕ

После долги денови на неизвесност и очекување на конечните резултати од наградниот натпревар „Младите во науката, културата и уметност", одборот на оваа акција пред извесно време ги верифицира предлозите на жири-комисиите кои учесници во натпреварите ги освоија првите и вторите места.

Можеби и оваа акција ќе поминеше како предходните, ако при крајот на





натпреварот не ни проработе свеста отворено да ги кажеме аномалиите кои на очиглед ги пропуштивме и оваа година, иако сакавме оваа акција да го надополни сè она што во градот се заборава да се направи за стимулирање на младите таленти.

На почетокот уште да кажеме дека една ваква акција не само што не може да го исполни вакуумот кој постои во градот по ова прашање, туку и како организирана акција дава можности за префорсирање на поедини области за кои сметам дека не се толку битни. Ова беше во суштина и најспорното прашање околу кое одборот расправаше на својот последен состанок. Членовите на одборот имаат смелост да прекинат некои досегашни тенденции, со цел оваа традиционална акција да не ги влече и традиционалните грешки. Спорот настана околу големата разлика која постои меѓу бројот на наградените од поедини области. Имено бројот на наградените по странските јазици достигнува бројка од 34 учесника, додека бројот на наградените учесници по физика е само 2. На секого му паѓа в очи овој расчекор, уште повеќе што свесно ги занемаруваме областите кои имаат поголемо значење за нашето општество. Секако дека мораме да се сложиме со фактот дека инвентивниот дух на учениците многу повеќе се пројавува во натпреварот по физика, математика, биологија и хемија, отколку кај натпреварите по странски јазици. Затоа е непростена грешката така широкоградо да се стимулираат поедини области како што се странските јазици на штета на други области во кои оваа година се забележани одлични резултати. За жал и оваа година многу трудови, од кои некои се предложени за патентирање, ќе останат ненаградени.

И кога толку спориме за бројот на наградите да кажеме и тоа дека тие како такви не се најадекватни и дека како одбор мораме да се заложуваме тие да ја добијат вистинската вредност и правиот третман во стимулирањето на младите таленти.

На крајот да им забележиме и на средствата за информирање кои не нај-



доа ни доволно време ни простор да ја известат јавноста за оваа акција.

МИНГОВА БЛАГОРОДНА

## ДО СИТЕ ЕМИНЕНЦИИ

Ќе Ве издигнам, еминенцио, за да речете дека се ова ниски удари (по дигањето)

Од писателот

Вие не знаете што е тоа старт, Вие, еминенцио, сте родени на целта. Штета што немате талент — по Вашето однесување додека зборувате. Вие сте прав уметник.

Вие поминувате од зборови на говор, Вие размисувате како професор, не од зрелост, туку од полтронство.

Впрочем Вие и претендирате на таа титула. Вие резонирате: „Професорот од студентот треба да направи човек, а од студентката жена".

За Вас зборот абортус е непознат збор. Тој збор го заменувате со контрацептивни потези. (Но импотенцијата е најдобар облик на контрацепција).

Вистината кажана без нараквици и в очи по Вас е бламажа, затоа вашиот јалов мир го прогласувате за наш идеал. Кого не сте го потапкале по рамо Вие, екселенцио мислите дека тој не добил право признание.

Вие сте пророк (по завршетокот на настаните).

Најголеми непријатели на државата по Вас се тие што се попаметни од Вас а таквите ги има многу.

Вие сте гение. Со Вашата научна работа ја најдовте млаката $H_2O$. Ни ледена ни врела (токму за миење нозе). Вие екселенцио, по добро одржан говор, секогаш ги миете рацете. По Вас Стендал не требаше да напише „Црвено и црно" туку „Розикаво и бело". Молчењето е единствено злато кое Вие го потценувате. Вие не го сакате Андерграундот оти ќе Ви го открие подземјето. Вие не заборавате од срце туку од дебелото црево. Вие не сте дури ни сексуално револуционерни. Важно е да не Ви девалвира угледот. Вие сте крал и затоа ќе Ве изедеме — како десерт.

ГРАДИМИР ЗДРАВКОВИЌ-СКИ

## АКВИЗИТЕРСКА ПОЕЗИЈА

Во Ниш постои многу агилен литературен клуб при домот на ЈНА. Клубот се вика „Глас Бубња". Неверојатно активен и работлив клуб. Сериозно мислам, нивното списание иако е ограничено на членовите на клубот сепак дава една интересна панорама на поезија и дела на оние кои пишуваат од задоволство. Е па, ако сакате да поседувате примерок од првиот број на списанието вие кои сте во Скопје побарајте го Симо Младеновски кој е аквизитер на тоа списание (или како што е наведен — повереник) за Скопје. Ако успеете да го пронајдете побарајте му и автограм затоа што кога на 5-тата страница од списанието ќе наидете и на негова песна ќе бидете изненадени од ентузијазмот на еден аквизитер.

Ослободена од сите критериуми и норми, но оптоварена со дилетантизам песната е отпечатена на јазик кој би требало да биде македонски. Постојат типографи кои можат да погрешат буква-две. И во другите списанија низ цела Југославија се објавува македонска поезија но тогаш дилеми нема. Вака не можеме да ги окривиме надлежните типографи, тие се чисти и пред нас и пред Симо Младеновски, но пред кого би требало да биде чист тој и како може да ја оправда својата поезија? Неговата песна „Заводница во сонот" ги завела коректните нишлии кои најдобронамерно не ја препеале песната на српско-хрватски. Ним не може да им се замери, тие не се должни да го познаваат македонскиот јазик во сите негови финеси и детали, тие од нивна страна направиле сè што можеле, ја објавиле песната, основното требало да го направи Симо Младеновски.

Можам да оправдам песна која е напишана и на дијалект, така впрочем пишуваат и поетите селани во Србија собрани околу нивниот „Расковник". Никој не ги критикува, напротив сите се пријатно изненадени од свежината и оригиналноста на нивниот говор, но во поезијата на Симо Младеновски се работи за крајно непознавање на македонскиот јазик, кое отпечатено повеќе личи на карикирана поезија отколку на литературна творба, како Симо Младеновски да сакал да се поигра со нашето трпение како читатели и да направи песна која кажувајќи ни нешто најповеќе зборува за својата неписменост. Впрочем еве неколку стиха од наведената песна на Симо Младеновски:





Во мене бездомник вечен, мускули труло
се рушат
и во крвта моја едреńаци пловат и се
гушат.
Да бев овчар во најмеден поен кавал
ќе се скриев
и девојката во мрежи од звуци ќе ја
попиев
а тебе, мила моја, потају ќе те држев
в нишан.
Твојата сенка топло, в мое крило, од
пладнина заспа
и со вилин превез беспоштедно да ме
згрнеш вјаса...
или уште неколку „бисери" од Симо
Младеновски:
...те осеќам, јас тајно вљубен, и далечна
и блиска...
...и во гради нејни пркос и злоба се
раѓат...
...та разбуктан силен пламен буди во
моиве гради...
...те сонив така незнана и без име
да ти знам...

Констатацијата оти во едно гласило се наоѓа песна напишана на расипан македонски јазик и на некој начин ја презентира македонската поезија е трагична. Ако објавувањето на таа песна е цена за аквизитерскиот труд на Симо Младеновски, цената е многу висока за сите читатели од Македонија, и за македонската литература, скапа цена за ништо. А вие ако случајно го најдете Симо Младеновски, порачајте му оти прво му пожелувам успех во аквизитерската работа и, второ да го научи македонскиот правопис и јазик.

Ночев Ставре

## ЗА ОНИЕ НА КОИ ПАРТИЈАТА ОСТАНУВА

Градската конференција на СКМ на 18-ти мај организира собир на младите комунисти од скопското подрачје.

**Што од овој собир паѓа в очи?**

Кај младите комунисти провејува барање членот на Сојузот да поседува одреден квалитет. Да е идејно-политички ангажиран субјект, да е свесен за својата одговорност — како член на организација која има својата програма, и која влијае во сите сфери на животот — и нормално со својот однос да влијае позитивно на околината. Значи дека тоа досега во праксата не беше баш така. Самокритиката е сосема на место. Многу зборови паднаа околу тоа дали беше во ред т. н. „кампањско" примање на млади комунисти при крајот на 1968 година. Ефектот од такво неконтролирано обновување на членството не може да биде поволен. Освежувањата на СК не треба да се прават тогаш кога тоа му е потребно на Сојузот, туку тогаш кога младиот човек ќе почувствува готовност да се вклучи во идејното единство на СК. За да дојде до ова второто Сојузот мора да го измени својот став кон младите. Совесниот и одговорен младинец, кој сака политички да се ангажира, бара организација во која ќе може да се чуе неговиот глас, и каде со демократска толеранција ќе се почитува и правото на неслагање. Сојузот на комунисти во кој треба да се биде послушен, каде треба да се прифаќаат (по можност „плебисцитарно") различни декларации, резолуции, концепции и т. н., грижливо да се реализираат истите и слично, не му е потребен на никого. Во таков СК своето место ќе го најдат само оние младинци кои очекуваат некакви привилегии, или кои случајно залутале во него. Таквите младинци најлесно се „пронаоѓаат" при т. н. „кампањски" вчленувања.

Уште нешто од собирот паѓа в очи. Темата на собирот беше: „Активното ангажирање на младите комунисти — услов за подинамичен и поефикасен СК". Дали активноста и ангажирањето на младите комунисти е навистина тоа, кога ништо не се спомена за она што е горлива преокупација на нашето општество — т. е. предстојните измени на Уставот. Дали навистина веќе нема што да се каже? Дали воопшто собирот имаше свој став кон Нацрт-амандманите? Дали е возможно некој да е комунист, а да нема свој став кон така важни прашања?

Младите комунисти од градот ретко досега имале прилика на вакви собири да ги разменат своите ставови, мислења, сложувања или несложувања. Тоа е веројатно единствен начин СК да стане популарен кај младината.

Зоран Јоргачиески

ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ:

# БЕЗ ДОДВОРУВАЊЕ КОН МЛАДИТЕ

**(Излагање на секретарот на ГК на СКМ на неодамна одржаниот собир на млади комунисти)**

Немаме намера, ниту сметаме за нужно од денешниот Собир да правиме спектакл, бидејќи на нашето револуционерно движење не му прилегаат спектакли, кои се езипода во неговата целокупна акција и што имаат ефемерно значење за политичката практика. Но, притоа не може да се избегне констатацијата дека сите вие во Сојузот на комунистите сте примени во еден момент кој што во нашата перманентна револуција ја подигна општата „температура", кога беше во прашање одбраната на она што го имаме и за што се бориме.

Оттогаш до денес изминаа речиси три години и ние се среќаваме повторно, пак во една нова политичка ситуација која би можела да биде спектакуларна и да ја подигне „температурата". Сметаме дека авангардното движење на кое му припаѓаме не може да живее од спектакли и низ нив да го одржи континуитетот со својата класа. Неговото револуционерно и творечко битие се остварува низ она што го создава и менува во општествените односи и преку новосоздадените вредности во општеството како придобивка на работниот човек.

Коинциденцијата на две атмосфери со политичко значење е сосема случајна и секое поклопување и објаснување барано на таа основа би било погрешно. Меѓутоа, неточно и аполитично би било исто така кога би се тврдело дека не е опортуно во овој момент, инаку многу актуелен по своето значење, да не се состанеме и договориме за нова акција.

Како секретар на Градскиот комитет долго бев длабоко уверен дека вие имате што да кажете, дека таму каде што делувате, СК не ви даде доволно простор да се изразите, да ги ослободите своите творечки и движечки внатрешни тензии. Не сметам дека овој наш Собир и ова место треба да биде „психолошка терапија" каде што треба да се изврши празнењето". Напротив! Тој е можност да ги чуеме вашите критики, вашите согледувања, претставите за СК и судирот што го доживеавте со стварноста и врз основа на тоа и ние и вие да изградиме заеднички ставови, да дојдеме до заеднички сознанија — сè со цел да ја дефинираме нашата натамошна акција и поведение. Јасно ми е дека дел од вас се судрија со една речиси груба реалност во базичните организации, спротивно од претставите што ги имавте за Сојузот на комунистите како револуционерно движење. За тоа придонесе и фактот на реорганизацијата на Сојузот на комунистите кога и самиот се наоѓаше во период на преобразување од партија на власт во идејно-политичка водечка сила. Овде јас не сакам да ви држам предавања за реорганизацијата на СК, бидејќи и ако требало да се направи тоа — требало да се стори одамна, но го истакнувам овој елемент за да објаснам некои нешта што се во врска со нашава денешна средба.

Вам ви е познато дека и денеска говориме за реорганизација на СК, за негово прилагодување кон самоуправниот систем и самоуправното одлучување.. Меѓутоа, сакам да истакнам дека постоеше еден долг период од дејствувањето на нашиот Сојуз во кој со мафтање со црвената книшка се докажуваше приврзаноста кон системот, а не исклучиво со дела. Таа психологија е сè уште понекаде присутна и денес во Сојузот на комунистите. Денес членувањето во СК со себе не носи никакви привилегии, туку дава можност низ едно движење што го нарекуваме Сојуз на комунисти да се изразат и остваруваат идеите и преокупациите за менување на општеството. И да биде апсурдот уште поголем: во одделни случаи вие бевте доведени во ситуација таа одговорност, тој револуционерен дух на СК за кој што многу сте слушале, да не можете да го почувствувате, бидејќи бевте доведени во состојба да не расправате за ништо или да расправате за споредни прашања. Наша грешка е што во СК не ве воведовме на начин што ќе ви овозможеше низ секојдневно ангажирање вистински да почувствувате дека му

припаѓате на едно револуционерно движење што го преобразува нашето општество. Тоа што како припадници на СК вие се почувствувавте во еден момент како политични или аполитични, што не почувствувате дека членувањето во СК значи не само формално туку и ваше вистинско политичко определување, кривицата не е исклучиво во вас. Јас не сакам да ја прифатам дискусијата дали нашата младина е политична или аполитична, затоа што според мене тој проблем не постои. Еден познат езуитски филозоф со право велил: „Кажете ми зашто се плашите од деполитизација и јас ќе ви речам што е таа за вас и потоа ќе можам да испитам дали таа постоела“. Понатаму, оваа мисла и проблемот би го поставил на друг начин и би рекол: да видиме и испитаме каков е глобалниот став према постојната форма на општествена организација, спрема оние општествени сили што ги држат и контролираат стратегиските точки на институционалната организација на општеството, каков е ставот спрема перспективата и визијата на движењето за нашата утрешнина што ја даваат формите на таквата организација, и врз основа на тоа би можеле да одговориме дали и какво ново поколение на млади луѓе имаме, какво е нивното значење и влијание во општеството.

Би сакал малку да се задржам на оваа мисла. По својата глобална организација, визии за развој на нашето општество поставено на самоуправни основи и демократски принципи врз кој се изградува, верувам дека сите ние немаме причини да бидеме незадоволни. Најновите уставни амандмани уште повеќе ги разработуваат тие основи и отвораат нови перспективи. Но начинот на функционирањето на системот во остварувањето на основниот концепт во практиката, на остварувањето на правата, на тоа како вие активно учествувате во тоа. Но, притоа, за мене и е битно дали системот овозможува, дали тој дава шанси нештата да се менуваат. Одговорот би бил дека тоа се овозможува некаде повеќе, а некаде помалку. **НО ШАНСИТЕ НЕ СЕ КОЛАЧ ШТО СЕ СЛУЖИ НА ПОСЛУЖАВНИК, ТУКУ ЧЕСТОПАТИ ГОРЧЛИВ ЛЕБ ШТО СЕ ГРАБИ ЗА ДА СЕ ЗАДОВОЛИ ГЛАДТА.** Со други зборови, СК во својата политичка платформа констатно се изјаснува дека секоја револуционерна етапа од нашата револуција бара нови носители и дека на секоја генерација за да се искористи нејзиниот творечки елан, ум и умеење треба да се искористат во прав момент, да им се даде шанса да стапат на јавна бина.

Генерацијата што настапува и самата со своите способности треба да се избори, да се наметне. Правата секогаш не се добиваат. За нив честопати е нужна жестока борба. Ако е точно дека карактеристика за денешното младешко движење е да биде динамично, револуционерно, движечко, способно да се наметне со својот ум и способности, тогаш тие постулати треба најрационално да се искористат и младите да се изборат за свое место. Во тие нивни настојувања СК ќе биде секогаш на чело на овие што се наоѓаат на прогресивни позиции за развитокот на нашето општество. Со сета одговорност од функцијата што ја носам спремен сум да тврдам дека нашата младина тешко се изборува за своето



место, особено во областа на процесот на репродукцијата. Но точно е и тоа дека таму каде што младите се борат и најчесто успеваат. Морам да кажам дека се плашам со нашата недоволна активност и слаби контакти со младите, таа зачмаена психологија на чекање и пасивно критизерство што е присутна во некои базични организации да не се пренесе и на младите членови. Тоа е она најопасното што би можело да се случи со младиот човек, да го надјавне апатија, нихилизам, неборбеност, интертност. Но едновремено сметам, по малку нескромно, дека нашата Скопска организација и низа подрачја и од вашата активност отвора перспективи и фронт за активен продор и ангажирање на младите. Во која мера ќе успееме и ќе создадеме услови вие да се вклучите во политичката битка ќе зависи од вашата спремност да се заложиме, од вашите ставови и заедничко организирано дејствување.

Денес во битката за создавањето на нова Федерација врз нови основи, врз суверенитетот на републиките што треба да дојде до израз низ создадените претпоставки за поголема рамноправност на народите и народностите, за позначајна улога на републиките како и во настојувањата за брзо надминување на тешкотиите што произлегуваат од состојбата во економските односи до отстранување на она што го нарекуваме деформација, искривување на политичкиот систем, сметам дека се отвораат широки можности за творечко ангажирање на секој млад комунист и за негово практично реализирање.

Уште неколку збора за она за што станува збор во материјалот, а е во врска со вашиот прием во СК: дали вие сте примени во една кампања или не. Ако нешто треба да се критикува тоа е оној вакуум што настана меѓу вашиот прием и она што требаше да следи како идеолошка акција, идејно изградување, работата, преземање конкретна одговорност, вклучување во движењата и секојдневната борба на СК. Јас сметам дека никогаш не е доцна да се гради ново, да се руши старото, да се чинат напори општеството да се движи со побрзи чекори напред.

Сегашниов момент е многу значаен, политички актуелен, но едновремено и критичен во однос на методот на дејствувањето на членот на СК. Во таа смисла, ако сакаме нешто да менуваме — тогаш треба да престанеме да се обраќаме кон Партијата апстрактно, затоа што таа ќе биде напредна, револуционерна, способна за менување, за отворање нови визии во онаа мера во која што ние, нејзините членови кои свесно сме стапиле во нејзините редови, сме спремни да го чиниме тоа. Во тоа дека сме способни несомнено се потврдивме повеќепати, Ако сме спремни, а младите мора да бидат спремни бидејќи тоа произлегува од нив, од младоста, ќе обезбедиме побрзо да се движиме напред, помалку да имаме заостанувања, помалку остапувања и отстранувања, помалку изигрувања на системот, помалку деформации и накрај — помалку неуспеси. Младите комунисти кои се животно заинтересирани за победата на овој социјализам мора да бидат спремни и за самоодрекнувања и за жртви. Денес Партијата повикува на таков самопрегор ,ангажирање и жртви за да ја освоиме и оваа етапа од нашата револуција.



# БЕЛЕШКИ ОД РАЗГОВОРОТ СО УЧЕНИЦИТЕ ВО ГИМНАЗИЈАТА »ЈОСИП БРОЗ ТИТО«. ОДРЖАН НА 7 МАЈ 1971 Г.

Овој разговор, во кој учествуваа околу 60 ученици од третите и четвртите класови, го организираше Комисијата на Градската конференција на СКМ за СК и младината.

На почетокот од разговорот учесниците истакнаа дека меѓу младината (во нејзиното мнозинство) не се знае улогата на СК денес. Исто така младите не се информирани за постапката околу приемот во СК. Овие констатации ги истакнаа речиси сите учесници во дискусијата. Некои од нив изразија и незадоволство од состојбата во СК. СК мора многу повеќе одошто досега да се експонира како водечка идејно-политичка сила и авангарда на работничката класа, а не — како во повеќе случаи — тој да биде организација која обезбедува привилегии, работни места стипендии (преку врски) и кариера на неговите членови. Таквите појави ги иритираат младите и влијаат на нивниот став кон СК.

— Меѓу училишната младина владее апатија и незаинтересираност — но не и аполитичност. Корените на таа апатија не се наоѓаат само во младината. Младите се разочарани од бројните слабости во општеството: пренагласени социјални разлики, економска криза, несредени односи во врвовите на Партијата, неефикасност во решавањето на проблемите на општеството наспроти хиперпродукцијата на заклучоци, неповикување на одговорност и сл. (За сето тоа беа изнесени повеќе конкретни примери за кои е слушнато или прочитано). Младите не ја правдаат апатијата, но на нив влијае тоа што никој не е земен на одговорност за сторената огромна грешка[1]) (материјална или политичка) во општеството, што почнува да се девалвира етиката на комунистот[2]) што се́ се одлучува во повисоки форуми (за учество на младите во одлучувањето не може ниту да стане збор[3]), што има премногу професионализам во политичките форуми (особено во СК), што недоследно се спроведува принципот на ротација (постарите долги години само конферираат — а тоа ја задушува акцијата на младата генерација), итн.

— Младите се многу незадоволни од состојбата во Сојузот на младината. Тој нема речиси никакво влијание во изградувањето на свеста на младината. Тој е неактуелен ,неатрактивен и без повидлив авторитет меѓу младите. Сојузот на младината се наоѓа во длабока криза[4]). Младите најчесто одбиваат да присуствуваат на состаноците на СМ, затоа што тие им се неинтересни и досадни; се губи само многу време кое може да се замени со нешто покорисно. На таквата активност се гледа како на нешто недостојно.

— Неопходно е обновување на партиските организации во средните училишта. Тоа е шанса и за СК (да се освежи со нови сили) и за младите (политички посериозно да се експонираат).

— Постои незадоволство кај младите од теоријата која не е прилагодена на практиката, или: за општеството се учи апстрактно и идеалистички.

— Не постои доволна материјална база за општествен стандард на младината. Во тој поглед општеството се однесува крајно неодговорно кон младите.

— Постојат три групи становишта меѓу младите за самоуправувањето: 1) едни кои веруваат дека самоуправувањето наполно ќе се афирмира, ќе успее; 2) други кои се за централизам или укинување на самоуправувањето; 3) трети кои се наклонети кон буржоаската граѓанска идеологија.[5])

— Недостасува една поорганизирана акција во општеството за решавање на проблемите.

— Во врска со состојбата во земјата пред последната седница наПретседателството на СКМ учесниците оценија дека таа била тешка. Сега, во новата клима, според нив се пред се̂ нужни „поостри мерки против поединци на врвот“, затоа што „тие дозволија да дојде до толку затегнати меѓунационални и меѓурепублички односи, особено меѓу СР Србија и СР Хрватска“. 6)

На крајот од разговорот беше зборувано за југословенството меѓу младите ,односно за нивното определување како Југословени. Полемиката беше мошне остра. Едни се изјаснија за југословенството по секоја цена, а другите истакнаа дека пред се̂ се чувствуваат Македонци, а потоа Југословени. Но сите го осудуваат југословенството кое во себе содржи унитаризам или поаѓа од него. Интересно е што во овие рамки се спомена и прашањето за македонската национална посебност. Едни сметаат дека не треба сериозно да се примат негирањата за постоењето на македонскиот народ (особено од НР Бугарија), затоа што „тие се бесмислени, смешни и малубројни“. Меѓутоа, другите сметаат дека македонската нација се наоѓа во експанзија на своите вредности и треба да се биде поупорен во нивното афирмирање. Тоа значи и поголема будност спрема оние кои работат на омаловажувањето или негирањето на македонската нација.

---

1) „Кај нас се гони само класичниот криминал, а не оние кои се виновници за милијарди или сеење раздор“.

2) „Од она што сме учеле и слушале за ликот на комунистот до денешниот комунист има огромна разлика“.

3) „Младите немаат преземено одговорни задачи, а одговорноста е таа која ќе ги поттикне, ќе ги извлече од летаргијата. Постарите држат понопол во одлучувањето“.

4) „Можеби болеста од која пати СК е болест и на СМ, затоа што тој е негова трансмисија“.

5) Морам да додадам дека оваа класификација не беше едногласно прифатена од учесниците во разговорот (некои дури и се оградија од неа).

6) Овде е интересно да се спомене фактот дека многу од учесниците со голем интерес ја следат ситуацијата на Белградскиот и Загребскиот универзитет преку белградските и загрепските студентски и други весници. Еден ученик во разговорот изнесе дека „е сигурен во информацијата оти во СР Хрватска постојат две партии: СКХ како официјална партија и илегална клерикална партија“.

Републичката конференција на Сојузот на младина од Конференцијата на Сојузот на младината на Скопје? Колку што ни е позната, Градската конференција предложи шестмина младинци за членови на Претседателството, а другите кандидати од Скопје кои не беа предложени од Конференцијата на младината на Скопје се прифатени?

— Пред сè, мислам дека не треба да се прави проблем од сето тоа. Иако немам претставник во Претседателството на Републичката конференција, ние и понатаму ќе настојуваме да работиме на реализирање на задачите и Програмата определени на VIII Конгрес на младината на Македонија.

Мојот конкретен одговор е следниот: во предизборната активност се создаде вештачка атмосфера на „наметнување" на скопското младинско раководство над останатите општински конференции. Таа безмислена инсинуација имаше значајно влијание при конечните, непосредни избори за членови на републичкото Претседателство. А причината за да се создаде таква атмосфера изгледа дека беше нашето несогласување на чело на Републичката конференција да биде постар младинец и предлогот на нашата Конференција — донесен по најдемократска постапка, на Седница на Градската конференција за Претседател на Републичката конференција беше сфатен како противкандидатура на единствениот кандидат, со кого се сложи и републичкото претседателство. Ние имавме свој став — во раководството на младината на Македонија мора да има свежи снаги, и ете, бевме погрешно сфатени.

Но, ние ќе бидеме доследни и нема да отстапуваме, дури и по цена да немаме претставници во највисокото младинско раководство.

# ЗБОРУВААТ: ЃОРЃИ СИМЕОНОВ И ВЛАДО ПЕТКОВСКИ



# ДЕБАКЛ НА СКОПСКАТА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Дали постои политичка организација на младите во Македонија?

Ако на ова Ваше прашање би одговорил интерпретирајќи го буквално одговорот е познат и недвосмислен. Но мислам дека се работи за тоа каква е политичката организација на младите луѓе денес, односно каков Сојуз на младина и е потребен на младата генерација во нашата Република. За разговор на оваа тема спремен сум за еден поширок и поцелосен дијалог и на страниците на „Фокус". Во секој случај цврсто сум убеден дека нам ни е потребен еден поангажиран, поборбен и уште поамбициозен Сојуз на младината како широко младинско движење, кој ќе делува на еден модерен и понов начин.

Инаку на Вашето прашање би можел да одговорам и на тој начин што би го цитирал заглавието на Вашиот весник кај што јасно пишува што е „Фокус" и кој го издава. Значи, организацијата со сите свои слабости и недостатоци во нејзината акција и делување сепак постои. Верувам дека и Вие во тоа верувате, иако од Вашето прашање што е интонирано со благ вкус на сомнение, во една послободна интерпретација би можело да се заклучи дека можеби мислите и поинаку.

Зошто ниеден член од Градската конференција на СМ на Скопје не стана член на Претседателството на СММ?

Во врска со изборот на Претседателството на СММ на оваа изборна конференција се повтори истата ситуација како и на последниот конгрес на СММ. Имено сите шест предлози на конференција на СММ од Скопје отпаднаа. Така, еден анахронизам уште во стартот во прилична мера го хендикепира републичкото младинско раководство во чии редови не се наоѓа ниеден претставник од сто илјади младинци од градот Скопје. За жал оваа неславна реприза покажува дека сè уште постојат извесни недоразбирања па дури и нетрпеливост меѓу раководството на СМ Скопје и останатите младинск[и] раководства во Репурбликата.

Длабоко сум убеден дека за младинското движење во Македонија, за Сојузот на младината како политичка и општествена организација на младите луѓе ваквите недоразбирања претставуваат едно оптоварување што треба што поскоро да се премавнува. Треба да се создава клима на доверба и толерантност. Кон ова сосема сигурно не можат да придонесат разните вербални дуели на релацијата Скопје Република во кои по секоја цена се истакнуваат само разликите. Единството на СММ, како што истакнаа и некои учесници во дискусијата на конференцијата, треба да се гради во акција низ заеднички програми и делувања. Во овој поглед конструктивно може да придонесе и младинскиот печат во Републиката.

Како гледате на депрофесионализацијата на младинските раководни функции?

Депрофесионализацијата во вршењето на изборните функции во општествено-политичките организации и заедници од поодамна е стварност а не мода во општествениот и политичкиот живот. Тоа одамна престана да биде некаков посебен манир на поединци или редок потез кој побудува љубопитност и внимание во пошироката јавност. Тоа е еден објективен процес кој е пред сè резултат на поопштествувањето на политиката и на се пошироката политизација на голем број луѓе во општеството. Иако, се разбира депрофесионализирањето на политиката не може да биде цел на самата себе туку една објективна нужност чии интензитет на остварување зависи од демократизацијата на вкупните односи во општеството, од спремноста и мотивираноста на сè поширок круг луѓе од сите слоеви за политичко делување и акција, таа е еден нов квалитет во нашата политичка и општествена практика.

Во крајна линија овој процес овозможува бавењето со општествената политика да не биде привилегија на некоја општествена елита или дури општествен слој, и наместо практиката на кадровски листи правени во тесен круг и најразлични кадровски комбинаторики кои се понекогаш субјективно мотивирани како борба за власт, ги афирмира критериумите на способност, стручност, одговорност и спремност да се учествува во креирањето и остварувањето на одреден општествен програм и политика.

За прв пат, во овој мандатен период, функцијата Претседател на СММ нема да се обавува професионално. Тоа ќе биде еден своевиден испит за новото младинско републичко раководство, а посебно за мене самиот. Верувам дека сепак ќе добиеме преодна оценка на крајот на мандатот.

# МАЛИ, ИНДИСКРЕТНИ РАЗГОВОРИ

Се обидовме да разговараме со претставниците на културната и политичката емененција на нашиот град и Републиката. Сакавме да разговараме индискретно, за прашања што ги мачат Скопје и Републиката. Но, многумина беа премногу совесни за да разговараат со „Фокус", премногу дискретни за да разговараат за јавните проблеми.

Прашања имавме многу, но сега имаме малку одговори на нив.

Очигледно многумина не се расположени јавно да зборуваат, во рамките на своите компетенции за она за кое се дури и задолжени да го прават тоа.

Значи бевме реални — баравме нешто невозможно.

**КИРО ЗРМАНОВСКИ**, некогашен истакнат младински раководител, од кого навистина се очекуваше многу, сега е член на Градскиот комитет на Сојузот на комунистите на Скопје. Претставниците на печатот ги прими во својата канцеларија на третиот спрат во зградата на Вардар и бидејќи сѐ уште не му е доделена лична секретарка се извини што разговорот нема да го водиме пијејќи кафе.

Разговорот го пренесуваме во целост.

— Зошто има сѐ помалку млади во Сојузот на комунистите?

— Мнозинството на базичните организации на СК е речиси потполно незаинтересирано за младите членови на СК: во еднаква мера кон оние кои веќе се во неговите редови и кон оние кои допрва треба да дојдат. Кога не би било така би зборувале за системен, организиран и рамномерен прием на младите комунисти. Сигнали, верувам, не се потребни — најмалку за оние луѓе кои се спремни одговорно да се ангажираат и да менуваат.

После вака оптимистичкиот одговор, ние бевме збунети и му поставивме едно необично прашање.

— Што мислиш за младинскиот печат денес во Македонија?

— Подобро е секогаш да се знае одговорот на ова прашање што го имаат младите луѓе. Јас ќе бидам субјективен младинскиот печат е распнат меѓу вистинската ангажираност и политиканството, меѓу актуелното и ефемерното, меѓу достоинството на естетски убаво и приземноста на вулгарното. („Фокус", на пример, е пропуштена надеж). Би бил позадоволен кога би зборувал за еден друг, по инаков младински печат или за оној што (сигурно) ќе дојде.

Навистина, „Фокус" за многумина е пропуштена надеж. Дали да бидеме задоволни? Дали е тоа комплимент за нас?

Сеедно. Заклучивме веднаш да го завршиме разговорот со Киро, па му го поставивме последното прашање.

— Дали си службеник или функционер?

— Функционер не сум, а има службеник и службеник. Јас сум оној вториот.

**ТОДОР ЧАЛОВСКИ, ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА НА „МЛАДОСТ".**

— Дали наградата ја добивте по клуч?

— Не, наградата ја добив заради вредностите на мојата книга. Клучот овде не постои. Ете на пример Атанас Вангелов требаше да ја добие минатата година. Меѓутоа вредноста на книгата не беше таква да заслужува награда. Уште нешто, веќе четири години никој од Македонија не ја доби наградата.

— Како ги потрошивте парите?

— Премалку се за да се зборува за тоа.

— Што мислите, дали има премногу критичари за толку писатели во македонската литература?

— Има многу критичари но малкумина меѓу нив се и добри критичари.

**ЈАСМИНКА ЈАНЕВА, ПОРАНЕШЕН СОРАБОТНИК НА „ФОКУС", СЕГА НОВИНАР ВО ПОДЛИСТАКОТ „ЕКРАН".**

— Дали при приемот во новото работно место имаше некакво значење фактот што бевте соработник во „Фокус"?

— Не, никакво. Тестот, а не „Фокус", одлучи.

**СИМОН ДРАКУЛ**, писател и поранешен директор на драмата при МНТ.

— Зошто поднесовте оставка на функцијата директор на драмата при МНТ?

— Единствена причина се средствата. Не успеавме да добиеме повеќе од 5% зголемување на нашите дотации а тоа беше премалку за да се остварат моите идеи. Не бев во состојба еден Тодор Николовски кој 50 години седи на даските од театарот да го плаќам со сума од 180.000 стари динари или една Мери Бошкова со 140.000. Велам средствата не беа доволни да ги исплатиме и личните доходи. Инаку другите театри добија скоро двојно повисок процент од нас.

**ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ**, театарски и филмски режисер, не е комунист но сепак е лев интелектуалец.

— Добитник сте на многу награди а никаде не сте постојан режисер?

— Јас се понудив на Драмскиот театар во Скопје но таму некои третокласни глумци, кои сепак имаат некакво влијание, ми рекоа дека сум слаб режисер и, јасно, мојата понуда беше одбиена.

— Што мислите за македонскиот авторски филм?

— Тој не постои. Денес во Македонија сѐ уште филмовите се наменски- сѐ уште се снимаат филмови кои ќе бидат само одбележување на некој јубилеј. Кога ни беше потребна прослава на Илинденската република тогаш ни беше потребен и „Републиката во пламен". Денес кога се прославува 30-годишнината од револуцијата во Македонија сепак се пронајдени средства за два партизански филма. Авторот со својата идеја тешко може да успее кај факторите кои доделуваат средства за филм







# МАЛИ, ИНДИСКРЕТНИ РАЗГОВОРИ

**а се додека трае таа состојба нема да постои ни авторски филм во оној смисол како што постои во другите републички центри. Еденствено „Планината на гневот", „Време без војна" и „Црно семе" донекаде се доближуваат до таа категорија.**

**— Имам впечаток дека сте против наменскиот филм а сепак го снимивте „Републиката во пламен". Зошто?**

**— Тоа е пред се последица од една моја младешка преокупација. Меѓутоа јас сепак мислам дека „Републиката во пламен" ако не беше добар тогаш беше барем потребен филм. Едноставно на народот му беше потребно едно национал-романтичарско доживување а филмот е токму тоа. Фактот што „Републиката во пламен" беше многу добро посетен сведочи дека публиката сепак го прифати. А мене ми е тоа поважно од осудата на неколку брадати момчиња.**

**— Што мислите за театарот кај „Свети Никита Голтарот"?**

**— Не сум ја гледал нивната претстава макар што прифаќам таков вид театар. Меѓутоа Голтарите треба да спремаат текстови од голтари а не од академици.**

**— Дали постои денес во Македонија национален филм?**

**— Не постои. Постојат само инцидентни обиди меѓутоа национален филм се прави со една далекусежна и планска политика. Потребни се една група луѓе која ќе работи тимски и која ќе располага со неограничени средства и неограничени компетенции. Се разбира за својата работа ќе снесува полна одговорност. Кога јас би бил еден од тие луѓе би бил спремен дури да отидам в затвор ако задачата не ја исполнам. Кога можат во Англија таа работа да ја вршат пет склеротични лордови тогаш сигурно во Македонија има луѓе за еден таков потфат.**

Во нашиот град деновиве престојуваа три студенти од Западен Берлин, претставници на Марксистичкото Движење на студентите од Западен Берлин, кои имаат покана, со група младинци и студенти од нивниот град да престојуваат неколку дена во нашата Република во текот на август.

Manfred TRIEBE, Walter RUEHLE, Thomas KOHLSTEDT се нашите соговорници. Првиот е студент на филозофија, а другите двајца се студенти на педагогија.

— Дали сте комунисти?

— Јас би рекол повеќе дека сме марксисти. Мислам дека тоа повеќе ме определува идеолошки. Комунизмот сè уште дефинитивно не постои како општественна констелација, но марксизмот веќе станува идеологија на прогресивните студенти, барем кај нас, во Западна Германија. Можеби по малку сме разочари од стварноста, од она што се случува во социјалистичките земји. Мислам на теоријата на ограничен суверенитет и тие проблеми. (Manfred).

— Гледате ли разлика во социјализмот и демократијата меѓу Југославија и останатите социјалистички земји?

— Таа разлика — мислам дека Ве сфатив — е многу очигледна. Сепак, морам да признам дека многу работи овде се за мене, за моите теоретски познавања, нови. Сега сум трет пат во Југославија, и мислам дека почнувам да разбирам. Добивам впечаток дека целиот Ваш народ е дел од политичкото раководство или дека плебисцитно стои зад него. Тоа, знаете, не постои ни во една земја во светот. Не знам дали сум во право?

— Секако. Вие често доаѓате во Југославија. Зошто?

— Мислите дека доаѓам често? Не. Не се согласувам со Вас. Сакам да ја запознам Вашата земја, особено сакам да разговарам со работниците и студентите. (Walter).

— Дали на студентите им е потребен лидер?

— Не. Лидер е потребен на работниците, студентите не се снага која сама може да направи Револуција. Работниците ни требаат нам, а не ние на работниците. Дали го разбирате тоа? (Thomas).

— Руди Дучке беше студентски лидер. Неговата идеологија беше инспирирана од погледите на Маркузе.

— Руди Дучке го прифатија студентите не заради Маркузе, но заради она марксистичкото во погледите на Дучке. Маркузе не е марксист, и тој не е наш идеолог. Руди Дучке ги напушти студентите, но студентското движење не загуби премногу. Затоа велиме дека студентите можат без лидер. (Walter).

— Како гледате на Мао Це Тунг како марксист?

— Го читаме Мао. Имаме свои забелешки. Не би можел со неколку реченици да се определам. Ако сепак инсистирате, мислам дека тој е чесен човек кој го познава марксизмот. (Manfred).

— Како се чувствувате како потомци на нацизмот?

— Вие исто така би можеле да бидете потомци на нацистите, нели? Тоа е судбина. Не сум фаталист, но мислам дека некој мора да биде потомок на нацистите, зошто и тие беа луѓе кои се грижеа за својата репродукција.

Можеби сме убедени марксисти баш заради нашите претци — нацисти? Мене лично не ми пречи што сум Германец. Работите ги гледам дијалектички, па мислам дека во овие денови треба да се срамат некои други кои не се Германци и не се марксисти. (Thomas, Manfred, Walter).







**Разговорите ги водеа:**
**Нино ИВАНОВСКИ и Спасе ЈОВКОВСКИ**

# ПОЕЗИЈА НА АФРО-АМЕРИКАНЦИТЕ

**Фентон Џонсон**

**УМОРЕН**

УМОРЕН СУМ ОД РАБОТА;
УМОРЕН ОД ГРАДЕЊЕ
НЕЧИЈА ЦИВИЛИЗАЦИЈА.
ДА СЕ ОДМОРИМЕ, ДРАГА
ЛИЗИ ЏЕЈН.
ЌЕ ОТИДАМ ДО „САЛОНОТ НА
ПОСЛЕДНАТА МОЖНОСТ“
ЌЕ СЕ НАПИЈАМ ЛИТАР, ДВА
ЏИН,
ЌЕ СЕ ПОКОЦКАМ И ЌЕ ГО
ПРЕСПИЈАМ ОСТАТОКОТ НА
НОЌТА
ВРЗ ЕДНО ОД МАЈКОВИТЕ
БУРИЊА.

ОСТАВИ СТАРАТА КОЛИБА
НЕКА ИЗГНИЕ,
НЕКА СЕ ПРЕТВОРИ ВО ПРАВ
АЛИШТАТА НА БЕЛИТЕ ЛУЃЕ
И НЕКА ПОТОНЕ ВО ПОНОРОТ
ЦРКВАТА КАЛАРИ.
ФРЛИ ГИ ДЕЦАТА В РЕКА
ОТИ ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА НИ
ДАДЕ ПРЕМНОГУ,
ПОАРНО Е ДА УМРАТ
ОТКОЛКУ ДА РАЗБЕРАТ
ДЕКА СЕ ОБОЕНИ.

ОТТРГНИ ГИ ЅВЕЗДИТЕ ОД
НЕБОТО
ТИЕ НИ ЈА ОДРЕДУВААТ
СУДБИНАТА.
ТИЕ МИ ЈА ОДРЕДИЈА
СУДБИНАТА И МЕНЕ.
УМОРЕН СУМ ОД
ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА.
РЗИК6МТЦ0%ЃООМ

**Ленгстон Хјуз**

**ВО ХАРЛЕМ**

ЧУДНО Е,
ШТО ТОКМУ ВО ОВАА
ЦРНЕЧКА ДИВИНА
ПРВПАТ СЕ СРЕЌАВАМ
СО ЖИВОТОТ
ЛИЦЕ В ЛИЦЕ,
КОГА ТОЛКУ ГОДИНИ
ГО БАРАВ НИЗ ПОНЕЖНИ
ПРЕДЕЛИ

ДУРИ НЕ ДОЈДОВ
ВО ОВАА БЕЗВРЕДНА УЛИЦА
И НЕ ГО ПРОНАЈДОВ НЕГО
КАКО ГАЗИ ПО МОИТЕ
СТАПАЛА.



**Ворин Кани**

**БЕЗ ОТСЈАЈ**

НЕЗНАЕЈЌИ ЗА СВОЈАТА
УБАВИНА
ТАА ВЕРУВА ДЕКА НЕЈЗИНОТО
КАФЕНО ТЕЛО
Е БЕЗ НЕБЕСЕН СЈАЈ.
КОГА САМО БИ МОЖЕЛА ДА
ЗАИГРА,
ДА ЗАТРЕПЕРИ ПОД
ПАЛМОВИТЕ ДРВЈА
И ДА ГО ЗДОГЛЕДА СВОЈОТ
ОТСЈАЈ ВО РЕКАТА
ТАА БИ ДОЗНАЛА ЗА СÈ.

**Елдриџ Кливер**

**НА ЕДНА БЕЛА ДЕВОЈКА**

ТЕ САКАМ
ЗАТОА ШТО СИ БЕЛА,
А НЕ ЗАТОА ШТО СИ
ШАРМАНТНА
ИЛИ ПАМЕТНА.
ТВОЈАТА БЕЛИНА
Е СВИЛЕН КОНЕЦ
ШТО СЕ ПРОВЛЕКУВА
НИЗ МОИТЕ МИСЛИ
КАКО ВЖАРЕНА ШАРА
ОД СТРАСТИ И КОПНЕЖ

ТЕ МРАЗАМ
ЗАТОА ШТО СИ БЕЛА.
ТВОЕТО БЕЛО МЕСО
Е ХРАНАТА НА МОИТЕ
СНИШТА
ОТИ БЕЛА Е И
КОЖАТА НА ЗЛОТО.

ТИ СИ МОЈОТ МОБИ ДИК
МОЈАТА БЕЛА ВЕШТЕРКА,
СИМБОЛ НА КАНАПОТ
И ДРВОТО ЗА БЕСЕЊЕ,
СИМБОЛ НА ЗАПАЛЕНИОТ
КРСТ.

САКАЈЌИ ТЕ
И МРАЗЕЈЌИ ТЕ
СО ЕДНАКВА СНАГА,
МОЕТО СРЦЕ
НАПОЛУ РАСЦЕПЕНО Е
РАСПНАТО НА КРСТ.

**Карл Картер**

**ВРЕМЕ**

ПОНЕКОГАШ
КОГА СУМ САМ
СЕДАМ
СЛУШАЈЌИ ГО ЗВУКОТ
НА ВРЕМЕТО ШТО ЧЕКОРИ
НА ПАНТЕРОВИ ШЕПИ
НИЗ ТИВКАТА НОЌ.



Удобноста елеганцијата и убавината се синоними на

ГАЗЕЛА

# Слобода и човекување

Смислата на хуманото и етичкото делување се состои во изградувањето на моралната автономија, во самоизградувањето на „јас“ и изградувањето на „ние“, а можност за тоа е слободата. Слободата е можност за реализирање хуманост и манифестација на луѓето па како таква постојано е во релација со различни сфери на човечката дејност.

Една од тие сфери е политиката така што може да се зборува за односот.

## СЛОБОДА И ПОЛИТИКА

Во суштината на политиката е човечкото дејствување, но трансформирањето на политиката во посебен занает за кој се повикани и верзирани тесните специјалисти, веќе не апелира на дејствување туку бара покорност, а реализирањето на општото добро било заменето со остварувања на потесните интереси на претставниците на владата или интересите на некоја класа. Слободата во политиката била нешто туѓо кога политиката била отуѓена сфера, односно кога добила институционален карактер. Низ историјата чест бил случајот големи групи луѓе да постојат само како политички објект врз кој званичната политика ги извршувала и остварувала своите проекции. Секое поставување на човекот како прост објект, врз кој се „извршува“ власта значи и ограничување на човековата слобода, односно отсуството на политички субјекти значи и отсуство на политичка слобода.

Кога станува збор за слобода во политиката треба да се води сметка за нејзината масовност, а тоа се во револуционерните моменти, кога народните маси постанувале политички субјекти. Додека траела револуцијата тие биле повеќе слободни, а кога ќе завршела, идеалите на народните маси останувале неостварени и слободата се губела. Во револуцијата политичката институција е разбиена и луѓето стануваат творци на својот живот. Но револуцијата не треба да престане со преземањето на власта, таа треба да продолжи и понатаму, таа треба да трае како постојана трансформација насочена кон хуманизирање на општествените односи и човековиот живот.

Современата политика мора да биде заинтересирана за судбината на светот, таа треба да биде свртена кон иднината на светот и човекот, па затоа политиката треба да има филозофска ориентација. Можеби само така ќе се оствари античкиот идеал на политиката како наука за остварување на општото добро и праведноста.

Но, честа била појавата, а и денеска сè уште присутна во некои земји, политиката да бара политички активизам во уметноста. Да се бара политички активизам во уметноста, значи да се сопре слободниот човеков глас во тоа подрачје. Типичен пример на борба против индивидуалното, слободното творење во уметноста се тенденциите за партијалноста на уметноста. Социјалистичкиот реализам покажа како уметноста, сосема потчинета на општествената анализа и политичките задачи — ги напушти своите сопствени специфични должности и стана слугинка дури и на оние сфаќања кои не претставуваат неоспорни вистини на науката и политиката. Но, тенденциите за творење по прописи, диктати, догми и канони го ограничувале основниот постулат во уметничкото творештво — слободата, го негираат основниот однос во оваа сфера на човековото креативно искажување:

## СЛОБОДАТА И УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО

Слободата на уметничкото творештво денеска е основен принцип и најбитен услов за секоја уметничка дејност. Уметничкото творештво, ако сака да биде слободен чин, мора да извира од неограниченоста на животот. Или како што вели Добрица Ќосиќ во прилог на ова сфаќање: „Темата треба да биде внатрешен императив на творецот“. Пред сè човековото творење може да биде слободно, ако во поимот на вистинското човечко создавање се содржи и поимот на слободата.

„Точно заради тоа и нема слободна и неслободна уметност, постои само уметност и неуметност, односно изворна и симулирана, лажна уметност со која и единствено може да се диригира..., зошто уметноста како уметност воопшто и не може да се тиранизира. Исто така, према тоа нема слободна и неслободна мисловност! „(Данко Грлиќ)“

Уметничкото човечко творење мора да биде вистинско за да биде слободно.

Смислата и значењето на поимот „слобода на уметничкото творештво“ во поранешните години кај нас главно се состоеше во стремежот за слобода од секакво диригирање во творештвото, како и секаква нормативност во критиката, теоријата на уметноста и естетиката. Ова залагање подоцна како да е заменето со воодушевеноста на нашите уметници и уметнички критичари од „слободниот дух“ на Западна Европа. Така, постоеше голема веројатност тие да запливаат по таквите текови без никаква критичност и без компас. Но кој е токму тој компас, што не само уметникот, туку и секој поединец треба да го усмерува (слободно и хумано) во неговото творење и дејствување? Тоа секако е автономната морална

## АВТОНОМИЈА НА МОРАЛНАТА СОВЕСТ

совест и одговорност ,токму таа може да биде придвижувач или инхибитор на моралното и одговорното делување, па само така се наоѓа и смислата на етичкото и хуманото. Ако личноста делува свесно и слободно, по интервенција на сопственото уверување, тогаш моралните норми не се ништо туѓи и надворешни, туку личноста делува автономно и слободно.

Невозможно е човекот да се одреди како човек, ако не поседува морална, автономна свест и совест и развиено чувство на одговорност. Само така одреден човекот е човек, само така својот живот го осмислува како хуманитет, само така е слобода и само така ќе има и иднина. Хуманизмот е општ регулатор и принцип во меѓучовечките односи, односно мерило на моралното делување, а секое делување, секој чин извршен од љубов и со љубов е слободен.

Славица Ивановска


весник на младите
ФОКУС
од
скопје

# Дневник на еден од средината

## Антимемоари

После сè седевме, четири деци бело, ја и он.

Уствари стварта беше јасна, покрај нас накај станица шибаа еден Ќелав, еден со три куфери и една со многу лош шешир. Она им збореше како било подобро они возот, место возот нив. Ја не знам со воз, не сум пробал.

Шо се однесува до чекањето, ништо више од пет-десет минути, не доаѓа у можност.

После оние тројцата, почна да врне. Убаво со големи капки. Ја помислив, па шо ако, ќе уштедиме за сода! И ја наместив работата на право место за полнење. Сигурно дека не мислевме баш сè исто, во тоа време. Само поважен беше од сè дождот.

— „Гледаш ли каква збрка е сето тоа, а? Белото, оној Ќелавиот и оној со куферите, семафорите, возот и онаа малата онаму. Зар мислиш дека овие старците, позади нас гледаат само у новини? Може и се прават дека не им е по ќеиф, ама затоа добро гледаат. Со искуство. Од сè и сешто."

Ја: „Гледам". Гледав на чесен збор... како врне! Незаборавно. Точно тогаш со една женска помина некојси врањанац. — Оној шо вика на шест чекора „Поправљам кишобране, воденице за кафу, и млевење меса на лицу места". Е, тој врањанац не вика: „Оштрача молим"! Туку Фино точно си вика: „Поправљам кишобране... на лицу места".

А врнеше грозно. Ја и он бевме одамна заедно. И зборевме или не зборевме, сеедно, важно така изгледа дека се станува она шо никогаш неќеш да бидеш .После, паднаа муабети за некој трет без везе, од Аутокоманда.

Врнеше, а малку од оние позади нас си ја гледаа работата, или како врне, дали поројно или местимично, или шо знам јас како мајку му!

Почнавме спокојно да збориме! Кој е толку паметен, со пријателот на улица да почне да збори германски? Ја и не знам германски, ни збор, само тоа ни најмалку не ми сметаше! Не бев осамен!

Му зборев после за онаа жена од Камени мост, онаа шо ме запре. Фино облечена. Шешир немаше. Ја чув, зошто ме фати за рака.

„Како можевте тоа да го сторите, како само можевте? Засрамете се, господине!". Она мене, тоа. Ја нејзе: „Шо тоа, госпоѓо?

„Гобленот, знаете вие мошне добро, гобленот од мојата соба го украдовте кога се иселивте од кај мене, како можевте а..."

Ја па нејзе: „Вас не ве познавам госпоѓо".

„Вие не ме знаете, господине, но затоа јас ве познавам и ве молам, како можевте..." Не чекаше да ѝ кажам, си отиде под хитно! Може, зошто ѝ беше патот надолу, со спуштање.

Од навалувањето на мајмуните — поминувачи се ослободив сам.

„Не е важно шо било, и шо ќе биде. Главно е да се поправи. Наскоро."

Врнеше уште, а шприцерот дојде швалерски тенок.

Главно е да се поправи.

Откај ложионица свиреше. Брза помош, со пуштени брисачи, и она синото светло одозгора. Само имаше една мала мана. Не постои ред без рампи! Спуштени!

И така чекавме... Оној под хоризонтално во колата со брисачи и сино светло на рампата, а ние оној во белото.

„„Келнер"!

Оние тројцата од почетокот сигурно отпатуваа, така се надевав, а уште врнеше дожд. Сега не више толку грозно.

Во тоа време чекавме на островот од улицата да процветаат липите, но како се немаше шанса за такво нешто во долгедно време (а чекавме пола саат) он се сети на број од телефон кој работел само кога врне. Оттука му требаше и транспорт само он никогаш не бараше услуги од Градско, па така сè остана у лична режија.

Рече и дека мора негде да си ги исуши чорапите неизоставно, од здравствени разлози.

Ја мислам и покрај сè дека, со суви или со мокри сосема е без везе, вака или така, стварите и натаму ќе останат заебани.

# БИТЛСИ СЕ МРТВИ ДА ЖИВЕ-АТ БИТЛСИ

Денес кога и бабите почнаа да зборуваат за тоа дека е навистина голема штета што Битлси престанаа да постојат како група, треба да се објаснат некои работи кои на сета таа збрка ќе фрлат сосема нова светлина.

Се работи за едно интервју кое пред кратко време го даде прославениот продуцент Џорџ Мартин, а во кое се зборува за ситуацијата во која денес се наоѓаат Битлси. Тој вели дека сите четворица од групата имаат неверојатно променливи природи и дека поради тоа ниедна нивна одлука не смее да се смета за конечна. Така на пример во времето кога Битлси твореа со полна пареа, не биле ретки случаите кога Џорџ Мартин требало да се снаоѓа со 12 различни парчиња магнетофонска лента од која морал да создаде една единствена снимка. Често Пол или Џон му телефонирале во 4 часот наутро, категорички барајќи студиски оркестар спремен за работа во 8, истото утро. Не треба да спомeнеме дека Џорџ Мартин ги познава Битлси подобро отколку што тие се познаваат себе си, па затоа постојат и реални шанси за нивно повторно враќање на светската ПОП сцена. Впрочем дали тие воопшто си отидоа од неа?. На годишните референдуми во сите светски весници сè уште го држат првото место, плочите сè уште одлично им се продаваат, обожавачите сè уште заклучуваат нивни постери по собите... Зарем е потребно да се набројуваат работите кои се составен дел на митот за Битлси? Зарем тие не се доволно познати?

Скептиците ќе речат дека сите членови на групата веќе длабоко навлегле во своите индивидуални кариери и дека одат по свој сопствен пат. Тоа не значи апсолутно ништо. Џон снимаше филмови и плочи уште додека Битлси беа заедно, останатите помалку-повеќе правеа исто. Зарем е тоа знак дека тука е крајот? Зарем еден вакуум е доволен да се изгуби вербата во Бителси? Ова секако звучи фанатички, но зарем некој што ја слушнал музиката на Битлси може да остане неутрален? Како е глупаво кога ќе прочитаме во весниците дека Битлси ќе продолжат со работа со нов басист како замена за Пол. Па зарем Пол Макартни беше басист? Тој навистина свиреше бас гитара, но заедно со неа свиреше (и сè уште) уште дванаесет иструменти. Тој е автор и вокален солист на повеќе од половината од сите песни на Битлси, кои (само како потсетник) ги има над 250. Зарем не е смешно да се зборува за некаква замена?

Уште една причина поради која можеме да веруваме дека Битлси сè уште не дале сè од себе и тоа што никој од нив, ниту пак нивната Аппле компанија, изјавиле нешто во врска со нивните идни планови. Тие само ги негираат разните „шпекулации" кои непрестано кружат низ музичкиот печат. А онаму каде што се молчи, таму нешто и се подготвува. Набргу ќе дојде денот кога повторно ќе чуеме за Битлси. Ве уверуваме дека тоа ќе биде наскоро.



# 100 НАЈЛУЦИДНИ ПОП ИМИЊА

| | |
|---|---|
| BEATLER | (БЕЕТЛЕС), БУБАЧКИ |
| ROLLING STONES | КАМЕЊА ШТО СЕ ТРКАЛААТ |
| WHO | КОЈ |
| CAPTAIN BEEFHEART | КАПЕТАНОТ ВОЛОВСКО СРЦЕ |
| BLACK WIDOW | ЦРНА ВДОВИЦА |
| BLIND FAITH | СЛЕПА ДОВЕРБА |
| BLODWYN PIG | СВИЊАТА БЛАДВИН |
| BLOOD, SWEAT AND TEARS | КРВ, ПОТ И СОЛЗИ |
| CANNED HEAT | КОНЗЕРВИРАН ГНЕВ |
| CHICKEN SHACK | КОКОШАРНИК |
| CREAM | КРЕМ |
| CREEDENCE CLEARWATER REVIVAL | ПОВРАТОК НА ДОВЕРБАТА ЧИСТА КАКО ВОДА |
| DOORS | ВРАТИ |
| DEEP PURPLE | БЛЕСКАВО ПУРПУРНО |
| EAST OF EDEN | ИСТОЧНО ОД РАЈОТ |
| ELECTRIC FLAG | ПАНАЃУРСКИ ДОГОВОР |
| FAIRPORT CONVENTION | ФАМИЛИЈА |
| FAMILY | ВЕТРОВКАТА ФЛИТВУД |
| FLEETWOOD MAC | СТАДО |
| FLOCK | СЛОБОДНО |
| FREE | БЛАГОДАРНА СМРТ |
| GRATEFUL DEAD | ТОП |
| GUN | ЛЕЊА ПИТА |
| HUMBLE PIE | ЖЕЛЕЗНА ПЕПЕРУТКА |
| IRON BUTTERFLY | НЕВЕРОЈАТЕН ЖИЧЕН ОРКЕСТАР |
| INCREDIBLE STRIN BAND | ОВА Е УБАВ ДЕН |
| IT'S A BEAUTIFUL DEN | АВИОНОТ НА ЏЕФЕРСОН |
| JEFFERSON AIRPLANE | АЛОВИОТ КРАЛ |
| KING CRIMSON | ШИЗИЦИ |
| KINKS | ЉУБОВНА СКУЛПТУРА |
| LOVE SCULPTURE | МАМИНИ И ТАТКОВИ |
| MAMA'S AND PAPA'S | МАЈКИ НА ПРОНАЈДОЦИ |
| MOTHERS OF INVENTION | ПЛАНИНА |
| MOUNTAIN | УБАВО |
| NICE | АГЕНЦИЈАТА ЗА ГЛАСНИЦИ „ЖИВА" |
| QUICKSILVER MESSANGER SERVICE | СУШТИНА |
| QUINTESSENCE | РЕНЕСАНСА |
| RENAISSANCE | МЕКА МАШИНА |
| SOFT MACHINE | ДУХ |
| SPIRIT | ЗАБ НА ПРИВИДЕНИЕТО |
| SPOOKY TOOTH | ПАРЕН ЧЕКАН |
| STEAMHAMMER | ПОСЛЕ ДЕСЕТ ГОДИНИ |
| TEN YEARS AFTER | ИСКРИВЕН ВОЗДУХ |
| CURVED AIR | НИВ |
| THEM | ТИРАНОСАУРУС РЕКС |
| TYRANNOSAURUS REX | МАЈМУНИ |
| MONKEES | ЖЕЛКИ |
| TURTLES | ЖИВОТНИ |
| ANIMALS | ЖЕТВАТА НА БАРКЛИ ЏЕМС |
| BARCLAY JAMES HARVEST | РАЗБИЕНИ УКРАСИ |
| BATTERED ORNAMENTS | НАЈГОЛЕМИОТ СВЕТСКИ ШОУ |
| THE GREATEST SHOW ON EARTH | ОРКЕСТАРОТ ТРЕТО УВО |
| THIRD EAR BAND | ШУМА |
| FOREST | ЧАЈ И СИМФОНИЈА |
| TEA AND SYMPHONY | КОГА БИ |
| IF | ОБЛАЦИ |
| CLOUDS | СООБРАЌАЈ |
| TRAFFIC | ЕРИК И ДОМИНАТА |
| DEREK AND THE DOMINOES | АВИЈАЦИЈА |
| AIRFORCE | ДРВОСЕЧАЧИ |
| CARPENTERS | ЗОРА |
| DAWN | ПЕТТА ДИМЕНЗИЈА |
| FIFTH DIMENSION | ШЕФОВИ |
| CHAIRMEN OF THE BOARD | НОКТА НА ТРИТЕ КУЧИЊА |
| THREE DOG NIGHT | РЕТКА ЗЕМЈА |
| RARE EARTH | ПРИСТИГНУВАЊЕ |
| ARRIVAL | ДА |
| YES | МАРТОВСКИТЕ ОДИ |
| IDES OF MARCH | СУПЕР СКИТНИК |
| SUPER TRAMP | РОК РАБОТИЛНИЦА |
| ROCK WORKSHOP | КАДИФЕН АНДЕРГРАУНД |
| VELVET UNDERGROUND | ЕДНА ЛАЖИЧКА ЉУБОВ |
| LOVIN' SPOONFUL | МАСЕН ОРКЕСТАР |
| GREASE BAND | ТОПЛИ НОЗЕ |
| HOTLEGS | УБАВО ВРЕМЕ |
| FAIR WEATHER | СТАТУС КВО |
| STATUS QUO | ЈАДРО |
| NUCLEUS | ИСКУШЕНИЈА |
| TEMPTATIONS | СВЕТИЛНИК |
| LIGHTHOUSE | НОСОРОГ |
| RHINOCEROS | ПУБЛИКА |
| AUDIENCE | КОСКИ НА ЦРНАТА МАЧКА |
| BLACK CAT BONES | ЕЛЕКТРИЧНИ СУВИ СЛИВИ |
| ELECTRIC PRUNES | КРДО |
| HERD | ДЕБЕЛ МАДРАЦ |
| FAT MATRESS | ТОПЛИ СТАОРЦИ |
| HOT RATS | ПРИДВИЖУВАЊА |
| MOVE | ФРИГИДНО РОЗОВО |
| FRIJID PINK | ГОЛЕМ СТРАВ |
| GRAND FUNT | ПЕПЕЛ ОД КЛУЧНАТА КОСКА |
| WISHBONE ASH | ПЕТИЦА СО КУКА |
| HOOPFOOT | ВКУС |
| TASTE | ЦРНА САБОТА |
| BLACK SABBATH | ВОЈНА |
| WAR | ЛЕБ |
| BREAD | ТЕЧНОСТИ |
| MIXTURES | |

ПРОИЗВОДИТЕ, КОЈ БЕЗ РАЗЛИКА НА СВОЈАТА ВРЕДНОСТ МОРААТ ДА НАПРАВАТ БАРЕМ ЕДЕН КОМПРОМИС СО ПУБЛИКАТА И ДА ИЗБЕРАТ НЕКОЕ АТРАКТИВНО ИМЕ КОЕ ИНТЕГРИРА И ПРИВЛЕКУВА. НО НЕ САМО ПЛОЧИТЕ, ТУКУ И НИВНИТЕ АВТОРИ ИМААТ ЧУДНИ ИМИЊА. ОВА Е ЛИСТА НА СТОТЕ „ВОДЕЧКИ" МЕЃУ НИВ.










MANGUSTA
coupe



БРОЈ 44 МАЈ
ЦЕНА 1 ДИН.



# ФОКУС

весник на младите
ФОКУС
од
скопје